РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 0201-399/8
07.02.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 25.01.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Огнен Неделковски, Јетон Исмаили, Маја Дамевска.

**Други присутни:** Љупчо Златев од ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, Илија Цингоски, полномошник на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје и Васко Маглешов од Призма.

Г-дин Петрушевски ја отвори 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:10 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.01.2024 година.
2. Предлог - одлука за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје.
3. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на РТД Метрополис Радио д.о.о. Скопје за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.
5. Предлог - одлука за промена во сопственичката структура на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници.

7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување на противпожарна СПРИНКЛЕР инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и одржување на ПП апарати.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот Записник од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.01.2024 година.

Г-дин Фиданоски имаше забелешка во однос на неговата дискусија и предложи на страна 4 од Записникот поради повторување на исти зборови, да се избрише првата формулација која гласи „во своето работење", и да остане само втората.

Советот на Агенцијата со корекцијата предложена од г-дин Фиданоски едногласно го усвои предложениот Записник од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.01.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог - одлуката за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, објасни дека согласно дискусијата која се водеше на претходната 3-та Јавна седница, оваа точка ќе ја одложи за во понеделник, 29.01.2024 година.

Советот немаше против.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар. Објасни дека и овој радиодифузер како и претходниот, не ги исполнува минималните кадровски услови од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Потребно е да има двајца вработени, ни и покрај подолга комуникација со радиото, не ја достави потребната документација. Од таа причина се предлага да се покрене постапка за одземање на дозволата.

Г-дин Петрушевски рече дека и овој радиодифузер ќе има рок до 15 дена за да ги отстрани недоследностите.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, Уп1 бр.08-437 од 15.08.2016 година, поради тоа што не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

Доколку горенаведениот радиодифузер не ја достави потребната документација од која што ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови

утврдени во горенаведениот Правилник, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, Уп1 бр.08-437 од 15.08.2016 година, поради прекршување на член 62 став 6 од ЗАВМУ и член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, а согласно со член 82 став 1 алинеја 5 и член 83 став 3 од ЗАВМУ.

Г-дин Петрушевски до службата предложи по завршување на седницата веднаш да се информира радиодифузерот за крајниот рок, за да не дојде до ситуација да му се одземе дозволата.

**Точка 4**

Раководителот на одделението за културен идентитет Огнен Неделковски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на РТД Метрополис Радио д.о.о Скопје за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека по претставка од слушател пратена на 12.01.2024 година, Секторот за програмски работи направи надзор над радиото при што се преслушаа 5 дена, 9, 10, 11, 12 и 13 јануари 2024 година. Со надзорот се констатира дека во сите 5 дена на програмата беше емитувана емисија „Радио аукција", која што траеше околу 1 час ,каде што најавите на водителот се емитуваа изворно на хрватски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик. Оттука до Советот се предлага да се изрече мерка писмена опомена.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски вонреден надзор, по претставка (УПП 0309/1 од 12.01.2024 година), бр.1001-251/1 од 15.01.2024 година и едногласно заклучи на РТД Метрополис Радио ДОО Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 9, 10, 11, 12 и 13 јануари 2024 година, во емисијата „Радио аукција", најавите на водителот се емитуваа изворно на хрватски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 10 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог - одлуката за промена во сопственичката структура на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип. Објасни дека побарана е согласност за целосно истапување на постојниот сопственик на оваа телевизија и пристапување на правно лице Цомнет 328 ДОО Белград, чии што единствен основач е физичко лице од Македонија. Направени се проверки во Централен регистар на РСМ, каде е констатирано дека ниту правното лице ниту физичкото лице не се јавуваат како основачи на други трговски друштва во нашата држава. Известувањето е комплетно и уредно и од таа причина се предлага да се одобри бараната промена

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, со текст како што беше предложена Одлуката.

Со предложените промени на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, односно оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници. Објасни дека Агенцијата при извршување на законските обврски носи одлуки и акти кои покрај во Службен весник на РСМ, истите треба да бидат објавени и во дневни весници кои се објавуваат на целата територија на државата. Од тие причини треба да се спроведе оваа постапка, која ќе биде делива набавка а според проценетата вредност ќе биде како набавка од мала вредност. Огласот за набавката ќе биде објавен во електронскиот систем за јавни набавки.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка: Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување на противпожарна СПРИНКЛЕР

инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и одржување на ПП апарати. Објасни дека набавката е планирана за период од две години, ќе биде спроведена како групна набавка односно со Агенција за млади и спорт бидејќи двете институции се сместени во ист објект. Набавката ќе биде спроведена како поедноставена постапка која е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2024-та година, односно истите ќе бидат дообезбедени во Финансискиот план за 2025-та година. Огласот ќе биде објавен во електронскиот систем за јавни набавки и во Службен весник на РСМ.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување на противпожарна СПРИНКЛЕР инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и одржување на ПП апарати, за период од 2 (две) години.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Одржување на противпожарна СПРИНКЛЕР инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и одржување на ПП апарати, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година, односно истите ќе бидат дообезбедени во Финансискиот план за 2025-та година.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

______________________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**